**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | Сектор за јавни дејности<br>Одделение за спорт и млади |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | Тања Балаќ, раководител на<br>Сектор за јавни дејности |

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА

**за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје,**

**за 2022 година**

**Скопје, февруари 2022 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на __.__.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје,**

**за 2022 година**

ВОВЕД

Според Законот за Градот Скопје, член 10, во делот на надлежностите на Град Скопје, под точка 7, предвидено е:

Обезбедување услови за развој на квалитетен спорт во градот Скопје;
Организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и приредби од значење за градот Скопје и
Изградба и одржување на спортски објекти од значење за градот Скопје.

Оваа Програма, исто така е изработена согласно Законот за локалната самоуправа, Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Спортот во градот Скопје има традиција, остварени вредности, изградени објекти, традиционални спортски манифестации, стручни кадри и секако граѓани кои го сакаат и го почитуваат спортот.

Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа и десетте општини на подрачјето на градот, развојот на спортот може да го постигнат само со неделивост на спортот и негово поттикнување на целата своја територија во соработка со општините на подрачјето на градот Скопје, како и почитување на принципите на родовата еднаквост.

Со Програмата за финансирање на традиционалните спортски манифестации што се одржуваат на подрачјето на градот Скопје, други манифестации, натпревари, турнири и спортски настани од особен интерес за Град Скопје, и сите активности од областа на спортот и младите на Град Скопје за 2022 година, се утврдуваат целите, активностите и висината на средствата за нивно финансирање во Буџетот на Град Скопје, каде е предвидено и подеднакво финансирање на спортски активности на мажите и жените, момчињата и девојчињата.

Програмата ги дефинира целите на спортската и младинската политика на Град Скопје, што треба да ги исполнат носителите на спортските активности и

активностите на младите во градот, односно тие да се во функција на развојот на спортот како и развојот на активностите на младите на град Скопје во 2022 година.

Со цел, Програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни спортски содржини и содржини за млади кои ќе го одразат и идентификуваат интересот на градот Скопје, Град Скопје по усвојување на оваа Програма, ќе распише: јавен повик за распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на спортот за 2022 година, јавен повик за распоредување буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на младите за 2022 година, јавен повик за доделување стипендии на спортисти – средношколци ученици во средните училишта на подрачјето на градот Скопје за 2022 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериуми за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите на спортските настани, активностите на младите, како и активности и манифестации од интерес за Град Скопје за 2022 година и висината на средствата за нивна реализација.

Критериумите за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации од интерес за Град Скопје за 2022 година, ќе ги утврдуваат Комисии за распоредување на буџетски средства, формирани од градоначалникот на Град Скопје.

ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

Афирмирање на Градот Скопје како развиен спортски центар со европски карактеристики што соодветствуваат на неговиот статус на главен град на Република Северна Македонија;
Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку развој на училишниот спорт, подеднакво за момчиња и девојчиња, обезбедувајќи организациска поставеност, средноучилишен градски систем на натпревари и поддршка на спортските активности на ученичките и учениците од средните училишта во градот Скопје;
Создавање услови за настапи во земјата и во странство, на наши истакнати спортистки и спортисти, и настапи на млади спортски надежи, и гостување во градот Скопје на спортистки и спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција.
Развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со попреченост на подрачјето на град Скопје.
Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка.
Развој и поддршка на програми, проекти и активности за младите на подрачјето на град Скопје.

АКТИВНОСТИ

Активностите во областа на спортот и младите, Градот Скопје ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма.

Во таа насока ќе се спроведуваат активностите за:

Поддршка и сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации за што постои интерес кај граѓаните и што се во интерес на развојот на спортот во градот Скопје;

Учество во организирање натпревари во меѓународна конкуренција што на Град Скопје му обезбедуваат посебно место во календарите на светските спортски организации и асоцијации, и ги истакнуваат можностите на Град Скопје да биде организатор на врвни спортски манифестации;

Иницирање и реализирање посебни програми и проекти за создавање услови за спроведување спортски активности на спортистките и спортистите аматери, на учениците и на младината, со посебен акцент врз реализирање на спортските активности и натпревари на ученичките и учениците во средните училишта на подрачјето на град Скопје;

Поддржување на иницијативите и активностите за одвивање и развој на спортски дисциплини што не се застапени во градот, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации како и во спортскиот живот на главните градови и големите урбани центри во светот;

Овозможување на поинтензивна комуникација на спортистите и нивните здруженија со спортистите од збратимените градови, главните градови и големите урбани центри во регионот и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка;

Активности во натпреварувачки и врвен спорт и спортска рекреација на граѓаните;

Спортско-рекреативни активности на лица со попреченост;

Спортска програма “13 Ноември“ – Денот на ослободување на Скопје, избор на спортистки и спортисти на годината на Град Скопје, меѓународни и локални натпревари од посебен интерес за Град Скопје;

Други активности за развој на масовниот спорт;

Активности за реализација на младинското дејствување на подрачјето на град Скопје.

ОПШТИ КРИТЕРИУМИ

Со овие Критериуми се утврдува начинот на финансирање на спортски и младински програми, проекти, активности и манифестации од јавен интерес за Град Скопје.

Средствата за финансирање на јавниот интерес во спортот и младите се обезбедуваат со Буџетот на Град Скопје и се утврдуваат со годишната програма.

Критериумите за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации од интерес за Град Скопје за 2022 година, ќе ги утврдуваат Комисиите за распордување на буџетски средства кои ќе утврдат критериуми за предност на родово сензитивни програми, проекти, активности и манифестации, за во следните дејности:

**1. ТРАДИЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ**

Градот Скопје ќе ги финансира традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на контиунитетот на вакви манифестации за што има интерес од граѓаните и се во интерес на развојот на спортот во градот Скопје, со средства од Буџетот на Град Скопје, распоредени на организаторот (национална спортска федерација, или членка на национална спортска федерација).

Самото име традиционални спортски манифестации укажува дека Градот Скопје ќе финансира манифестации кои имаат традиција минимум пет години, и оставиле значаен белег во развојот на спортот во градот Скопје.

Вреднувањето се одредува врз основа на следните општи критериуми:

- Број на одржани традиционални манифестации до 10 години, до 20 години, до 30 години, до 40 години, до 50 години и над 50 години;
- Дали се во календарот на меѓународна спортска асоцијација, во изминативе десет години, со статус и категорија на меѓународен натпревар;
- Дали имаат родово сензитивни програми и проекти;
- Број на земји учеснички;
- Број на спортистки и спортисти;
- Остварени спортски резултати, во категории на жени и мажи;
- Манифестацијата е од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници, од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје.

Организаторот на традиционалната спортска манифестација кој конкурира за добивање на средствата од Буџетот на Град Скопје доставува:

- Програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација родово сензитивни;
- Финансиски план и извори на финансирање;
- Организациски одбор на манифестацијата;
- Спортистки и спортисти, спортски екипи што ќе настапат.

**2. МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОСОБЕН ИНТЕРЕС НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Во областа на манифестации од особен интерес, Градот Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе достават програми, проекти и активности за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес за Град Скопје.

Вреднувањето се одредува врз основа на следните општи критериуми:

- Дали се во календарот на меѓународна спортска асоцијација, во изминативе десет години, со статус и категорија на меѓународен натпревар;
- Број на спортистки и спортисти;

- Манифестацијата е од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници, од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
- Остварени спортски резултати, во категории на жени и мажи.

Организаторот на манифестацијата од особен интерес кој конкурира за добивање на средствата од Буџетот на Град Скопје доставува:
- Програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација родово сензитивни;
- Финансиски план и извори на финансирање;
- Организациски одбор на манифестацијата;
- Спортистки и спортисти, спортски екипи што ќе настапат.

**3. ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ НА ДРУГИ СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ИНТЕРЕС ЗА ГРАД СКОПЈЕ**

Градот Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите за реализирање посебни програми во создавање услови за спроведување спортски активности на спортистките и спортистите аматери, на учениците и на младината, со посебен акцент врз реализирање на спортски активности и натпревари во средните училишта на подрачјето на градот Скопје. Градот Скопје ќе ги поддржува и родово сензитивните програми, проекти, активности и манифестации.

Град Скопје ќе поддржува иницијативи и активности за одвивање и развој на спортски дисциплини што не се присутни во Градот, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации како и во спортскиот живот на главните градови и големите урбани центри во светот.

Овозможување на поинтензивна комуникација на спортистките и спортистите и нивните здруженија од збратимените градови, главните градови и големите урбани центри во регионот и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка.

Град Скопје ќе поддржува и спортско-рекреативни активности кај лицата со попреченост на подрачјето на градот Скопје.

Вреднувањето се одредува врз основа на следните општи критериуми:
- Број на спортистки и спортисти учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и проекти;
- Програмите и проектите се од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници, од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
- Остварени спортски резултати, во категории на жени и мажи.

Организаторот или носителот на програмите и проектите на други спортски организации од интерес за Град Скопје, кој конкурира за добивање на средствата од Буџетот на Град Скопје доставува:
- Програма за реализација на проекти, спортските активности и манифестации родово сензитивни;
- Финансиски план и извори на финансирање;

- Број на спортистки и спортисти, спортски екипи, училишни спортски екипи кои ќе настапат во програмите, проектите, спортските натпревари, спортските активности и манифестациите на подрачјето на градот Скопје.

**4. ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ ВО СПОРТОТ**

Град Скопје ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите што не се опфатени со претходни позиции на горенаведените точки од општите критериуми, а што со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот на Град Скопје за 2022 година.

Вреднувањето се одредува врз основа на следните општи критериуми:

- Број на спортистки и спортисти учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и проекти;
- Програмите, проектите, активностите и манифестациите се од регионален или национален карактер, со ограничен број на екипи и учесници од интерес на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
- Остварени спортски резултати, во категории на жени и мажи.

Организаторот на програмите, проектите, активностите и манифестациите од дополнително утврдени активности, кој конкурира за добивање на средствата од Буџетот на Град Скопје доставува:

- Програма за реализација на проекти, спортски активности и манифестации родово сензитивни;
- Финансиски план и извори на финансирање;
- Спортистки и спортисти, спортски екипи што ќе настапат.

**5. МЛАДИ И МЛАДИНСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ**

Поддршка на програми, проекти и активности со цел активирање на младите и унапредување на нивната положба во општеството, при што се има предвид воспоставување на родовата рамноправност.

Поддршката за развој на младинските иницијативи преку конкретни програми, проекти и активности за млади ќе се утврдува на начин со распределување на средства по пат на посебен јавен повик за доделување средства на организации и поединци кои ќе преземат одговорност за спроведување на одредени програми, проекти и активности во интерес на младите на подрачјето на град Скопје.

**6. ФОНД ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА СПОРТИСТИ - СРЕДНОШКОЛЦИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ**

Град Скопје со цел да ја зголеми мотивираноста кај младите спортисти – средношколци, како и поддршката во развој и унапредување на младинскиот и средноучилишниот спорт, ќе стипендира спортисти – средношколци кои се жители на Скопје и учат во средните училишта на подрачјето на град Скопје.

Врз основа на условите и критериумите утврдени со посебен Правилник за стипендирање што ќе биде донесен пред да се објави јавниот повик, ќе се изберат да се стипендираат спортисти, ученички и ученици во средните училишта на подрачјето на град Скопје.

Вреднувањето се одредува врз основа на следните општи критериуми:

- Да се жители на Скопје;
- Да се ученици во средните училишта на подрачјето на град Скопје;
- Да се активни спортисти, членови на спортски клубови регистрирани на подрачјето на град Скопје и да се регистрирани во националните спортски федерации во нашата држава.
- Да имаат високи спортски постигнувања во претходната 2021 година и во 2022 година, се до објавување на јавниот повик.

Избраните стипендисти, ќе добиваат стипендија во тековната 2022 година.

По завршување на јавниот повик за прибирање на потребната документација за изборот, на предлог на Комисијата за спроведување на постапката за избор на стипендисти за 2022 година, градоначалникот на Град Скопје ќе донесе решение за стипендирање.

**7. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА НАБАВКА НА ЕКОЛОШКИ ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ ЗА МЛАДИ ОД 15 ДО 29 ГОДИНИ, ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ**

Според податоците од институциите насекаде низ светот, емисијата на загадувачки супстанци во воздухот потекнува од скоро сите економски и социјални човекови активности, а сообраќајот продолжува да биде значаен извор на емисија на високи количества загадувачки супстанци. Најголем удел во емисијата на азотни оксиди има согорувањето на горивата во моторните возила. Во утринските часови, со интензивирањето на сообраќајот во нашиот град, концентрацијата на азотните оксиди се зголемува.

За таа цел, Градот Скопје преку оваа програма ќе ги стимулира младите луѓе од Скопје за користење на велосипеди и електрични тротинети, што претставуваат еколошки превозни средства и се дел од алтернативниот урбан превоз.

Субвенции ќе добијат млади луѓе на возраст од 15 до 29 години, кои ќе купат нов велосипед и електричен тротинет од нашата држава од 01.01.2022 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, за што Градот Скопје преку оваа програма ќе им надомести дел од трошоците направени при купување на наведените превозни средства.

Во текот на 2022 година, Советот на Град Скопје ќе донесе Одлука за определување на максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на младите луѓе од Скопје, за купување велосипеди и електрични тротинети во 2022 година.

Согласно донесената одлука, Градот Скопје ќе ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на младите луѓе од Скопје за купување велосипеди и електрични тротинети, со донесување на Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на оваа програма.

РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Средствата од Буџетот на Град Скопје за 2022 година, од Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма Л0, потставка 463120, потставка 464990 и потставка 425990 во вкупен износ од **21.900.000 денари**, се распоредуваат врз основа на општите критериуми во оваа програма и распишаните јавни повици:

за распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на спортот за 2022 година, за распоредување буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на младите за 2022 година, за доделување стипендии на спортисти – средношколци ученици во средните училишта на подрачјето на градот Скопје за 2022 година, и повик за субвенционирање на млади од 15 до 29 години, жители на Скопје, за купување на велосипеди и електрични тротинети во 2022 година.

**ГЛАВА 1**
ТРАДИЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ
**БУЏЕТ: 2.000.000 денари**

1. Поддршка на традиционални спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер. Самото име традиционални спортски манифестации укажува дека ќе се финансираат манифестации кои имаат традиција минимум пет години, и оставиле значаен белег во развојот на спортот во градот Скопје.

**ГЛАВА 2**
МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОСОБЕН ИНТЕРЕС НА ГРАД СКОПЈЕ
**БУЏЕТ: 3.000.000 денари**

1. Поддршка на меѓународни и градски манифестации, и активности кои се од особен интерес за Градот Скопје во ракомет, одбојка, фудбал, кошарка, баскет, шах, табла, атлетика, велосипедизам, стрелаштво, борење, пливање, куглање и останати спортови, како и поддршка на спортско – рекреативни активности кај лицата со попреченост.

**ГЛАВА 3**
ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ НА ДРУГИ СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ИНТЕРЕС НА ГРАД СКОПЈЕ
**БУЏЕТ: 4.300.000 денари**

1. Програми и активности за развој на училишниот спорт на средните училишта во градот Скопје, преку лига систем и турнирски систем натпревари во сите колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција во регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во државата.
2. Програми и проекти за масовен и рекреативен спорт на граѓаните на Скопје.
3. Програми и спортски активности кај лицата со попреченост на подрачјето на град Скопје.
4. Програми и проекти за урбани и екстремни спортови во Скопје.

**ГЛАВА 4**
ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ ВО СПОРТОТ

**БУЏЕТ: 3.000.000 денари**

1. Средствата распоредени за дополнително утврдени активности ќе се насочуваат кон активности што не се опфатени со претходните позиции на оваа Програма, а со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварувањето на програмските цели во областа на спортот на Град Скопје за 2022 година.

**ГЛАВА 5**

МЛАДИ И МЛАДИНСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СКОПЈЕ

**БУЏЕТ: 4.500.000 денари**

1. Поддршка на програми, проекти и активности на невладини здруженија и организации кои дејствуваат во различни области од младинското живеење во Скопје.........................................................................................**3.000.000 денари**
2. Поддршка на програми, проекти и активности на талентирани млади поединци, кои се активни во различни области од младинското живеење во Скопје.........................................................................................**1.500.000 денари**

**ГЛАВА 6**

ФОНД ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА СПОРТИСТИ - СРЕДНОШКОЛЦИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ

**БУЏЕТ: 3.600.000 денари**

1. Фонд за стипендирање на талентирани спортисти – средношколци жители на Скопје и учат во средните училишта на подрачјето на град Скопје.

**ГЛАВА 7**

СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА НАБАВКА НА ЕКОЛОШКИ ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ ЗА МЛАДИ ОД 15 ДО 29 ГОДИНИ, ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ

**БУЏЕТ: 1.500.000 денари**

1. Субвенции ќе добијат млади луѓе жители на Скопје, кои согласно Законот за младинско учество и младински политики се на возраст од 15 до 29 години и ќе купат нов велосипед и електричен тротинет од нашата држава од 01.01.2022 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, за што Градот Скопје преку оваа програма ќе им надомести дел од трошоците направени при купување на наведените превозни средства.

ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализирање на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2022 година, се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје за 2022 година и тоа:

- **За традиционални спортски манифестации (Глава 1).........................................................................2.000.000 ден.**
- **За манифестации од особен интерес на Градот Скопје (Глава 2)........................................................................3.000.000 ден.**

- **За поддршка на програми и проекти на други спортски организации од интерес на Град Скопје (Глава 3)..................................4.300.000 ден.**
- **За дополнително утврдени активности во спортот (Глава 4).......................................................................3.000.000 ден.**
- **За млади и младинско дејствување во град Скопје (Глава 5).......................................................................4.500.000 ден.**
- **За фонд за стипендирање на спортисти – средношколци на средните училишта во градот Скопје, жители на Скопје (Глава 6).......................................................................3.600.000 ден.**
- **За субвенционирање на набавка на еколошки превозни средства велосипеди и електрични тротинети за млади од 15 до 29 години, жители на Скопје (Глава 7).......................................................................1.500.000 ден.**

**ВКУПЕН ИЗНОС ЗА ЦЕЛАТА ПРОГРАМА: 21.900.000 денари**

## ГЛАВА 8
ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

1. За реализирање на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Град Скопје за 2022 година е задолжен Секторот за јавни дејности.

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа ПРОГРАМА влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________

__.__. 2022 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,

**Трајко Славески**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на предложената програма е членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на програмата.

Во 2022 година, Градот Скопје со оваа програма ќе продолжи со насоките во обезбедување услови за развој на спортската рекреација и квалитетен спорт во Скопје, организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и приредби од значење за Градот Скопје, изградба и одржување на спортски игралишта и објекти од значење за Градот Скопје, како и поттикнување активности во младинското дејствување во Скопје:

**1. ТРАДИЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ**

Градот Скопје ќе ги финансира традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на контиунитетот на вакви манифестации за што има интерес од граѓаните и што се во интерес на развојот на спортот во градот Скопје, со средства од Буџетот на Град Скопје, распоредени на организаторот (национална спортска федерација, или членка на национална спортска федерација).

Самото име традиционални спортски манифестации укажува дека Градот Скопје ќе финансира манифестации кои имаат традиција минимум пет години, и оставиле значаен белег во развојот на спортот во градот Скопје.

**2. МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОСОБЕН ИНТЕРЕС НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Во областа на манифестации од особен интерес, Градот Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставаат програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес на Град Скопје.

Градот Скопје преку поддршка на вакви спортски настани сака да покаже дека е способен да организира и меѓународни манифестации од највисок ранг.

Градот Скопје секогаш ќе поддржува спортски манифестации што во иднина ќе придонесат за популаризација на спортот, ќе бидат родово сензитивни, за достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на Град Скопје за организација на ваков тип на манифестации.

**3. ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ НА ДРУГИ СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ИНТЕРЕС НА ГРАД СКОПЈЕ**

Градот Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите за реализирање посебни програми во создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите-аматери, на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците во средните училишта на подрачјето на градот Скопје.

Град Скопје ќе поддржува иницијативи и активностите за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во градот, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации како и во спортскиот живот на главните градови и големите урбани центри во светот.

Овозможување на поинтензивна комуникација на спортистите и нивните здруженија со спортистите од збратимените градови, главните градови и големите урбани центри во регионот и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка.

Град Скопје ќе поддржува и спортско-рекреативни активности кај лицата со попреченост на подрачјето на градот Скопје.

**4. ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ ВО СПОРТОТ**

Град Скопје ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите што не се опфатени со претходни позиции на горенаведените пет точки, а што со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот на Град Скопје во 2022 година.

**5. МЛАДИ И МЛАДИНСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ**

Поддршка на програми, проекти и активности со цел активирање на младите и унапредување на нивната положба во општеството, при што се има предвид воспоставување на родовата рамноправност.

Поддршката за развој на младинските иницијативи преку конкретни програми, проекти и активности за млади ќе се утврдува на начин со распределување на средства по пат на посебен јавен повик за доделување средства на организации и поединци кои ќе преземат одговорност за спроведување на одредени програми, проекти и активности во интерес на младите на подрачјето на град Скопје.

**6. ФОНД ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА СПОРТИСТИ - СРЕДНОШКОЛЦИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ**

Град Скопје со цел да ја зголеми мотивираноста кај младите спортисти – средношколци, како и поддршката во развој и унапредување на младинскиот и средноучилишниот спорт, ќе стипендира спортисти – средношколци кои се жители на Скопје и учат во средните училишта на подрачјето на град Скопје.

Врз основа на условите и критериумите утврдени со посебен Правилник за стипендирање што ќе биде донесен пред да се објави јавниот повик, ќе се изберат да се стипендираат спортисти, ученички и ученици во средните училишта на подрачјето на град Скопје.
Вреднувањето се одредува врз основа на следните општи критериуми:
- Да се жители на Скопје;
- Да се ученици во средните училишта на подрачјето на град Скопје;
- Да се активни спортисти, членови на спортски клубови регистрирани на подрачјето на град Скопје и да се регистрирани во националните спортски федерации во Македонија.
- Да имаат високи спортски постигнувања во претходната 2021 година и во 2022 година, се до објавување на јавниот повик.
Избраните стипендисти, ќе добиваат стипендија во тековната 2022 година.
По завршување на јавниот повик за прибирање на потребната документација за изборот, на предлог на Комисијата за спроведување на постапката за избор на стипендисти за 2022 година, Градоначалникот на Град Скопје ќе донесе решение за стипендирање.

## 7. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА НАБАВКА НА ЕКОЛОШКИ ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ ЗА МЛАДИ ОД 15 ДО 29 ГОДИНИ, ЖИТЕЛИ НА СКОПЈЕ

Градот Скопје преку оваа програма ќе ги стимулира младите луѓе од Скопје за користење на велосипеди и електрични тротинети, што претставуваат еколошки превозни средства и се дел од алтернативниот урбан превоз.
Субвенции ќе добијат млади луѓе жители на Скопје, кои согласно Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 10/20) се на возраст од 15 до 29 години и ќе купат нов велосипед и електричен тротинет од нашата држава од 01.01.2022 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, за што Градот Скопје преку оваа програма ќе им надомести дел од трошоците направени при купување на наведените превозни средства.
Во текот на 2022 година, Советот на Град Скопје ќе донесе Одлука за определување на максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на младите луѓе од Скопје, за купување велосипеди и електрични тротинети во 2022 година.
Согласно донесената одлука, Градот Скопје ќе ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на младите луѓе на Скопје за купување велосипеди и електрични тротинети, со донесување на Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на оваа програма.
За спроведување на Јавниот повик, Градоначалникот на Град Скопје ќе формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање.
Градот Скопје, во зависност од динамиката на пристигнување на барањата, периодично ќе ја известува јавноста за преостанатите средства, се до нивно целосно искористување.
Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.

Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Градот Скопје ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку својата веб страна.
Финансиските средства ќе се сметаат за исцрпени односно доделени кога на предлог на Комисијата, Градоначалникот на Град Скопје ќе донесе Решение за исплата на средствата.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената програма.